УДК: 658.375:336.14]:340.13(497.7)

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ КАЈ БУЏЕТСКИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА

***Марија Магдинчева-Шопова[1], Анета Стојановска-Стефанова[2]***

**Апстракт**

Буџетските организации или субјекти претставуваат посебна форма на деловни субјекти. Овие субјекти имаат обврска да го спроведуваат процесот на сметководство, да составуваат и поднесуваат сметководствени искази во согласност со законската регулатива за сметководство на Буџет и корисници на средства од буџет.

Со Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници е уреден начинот на водење на сметководство, деловната евиденција, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи, доставувањето и финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството на Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, буџетите и фондовите, корисниците и единките корисници на средства од буџетите, како и на другите правни лица за кои средствата за вршење на основната дејност претежно се обезбедуваат од буџетите или накратко кажано буџети и буџетски корисници. Преку процесот на буџетско сметководство и финансиските извештаи кои претставуваат финален резултат од процесот на буџетско сметководство се обезбедуваат квалитетни информации за потребите на буџетските организации и сите субјекти кои за извршување на основната дејност користат средства од Буџетот.

Бидејќи овој вид деловни субјекти се карактеризираат со одредени специфичности споредбено со останатите деловни субјекти, предметот на истражување во овој труд се фокусира кон согледување на видот на финансиските извештаи кои ги изготвуваат овие субјекти како и постапката на изготвување, усвојување и доставување до соодветните институции. Во заклучокот од трудот ќе бидат презентирани согледувања и дадени препораки за унапредување на процесите и процедурите за изработка и усвојување на финансиските извештаи кај Буџетот и буџетските корисници.

***Клучни зборови:*** *буџет, буџетски корисници, финансиски извештаи, политики,*
**JEL classification:** K38; D63; F53; Z18;

## 1. Вовед

Финансиските извештаи задолжително ги изготвуваат буџетските организации. Сметководството и финансиското известување во буџетските форми на организации се заснова врз посебни концепти, стандарди и постапки, креирани во согласност со потребите на корисниците на финансиските извештаи. Државните и локалните власти изготвените финансиски извештаи примарно ги користат за да се споредат постојните финансиски резултати со легално одобрениот буџет, да ја проценат финансиската способност и резултатите од работењето,помагаат во утврдувањето на усогласеноста со финансиски поврзаните закони, правила и регулирања и при проценувањето на ефикасноста и ефективноста.[3] Начинот на водење на сметководство, деловната евиденција, сметководствените документи и обработката на

[1] Вонреден професор, Универзитет “Гоце Делчев“, e-mail: amrija.magdinceva@ugd.edu.mk
[2] Доцент, Универзитет “Гоце Делчев“-Штип, E-mail адреса: aneta.stojanovska@ugd.edu.mk
[3] Earl R. Wilson, Susan C. Kattelus, Leon E. Hay: Accounting for Governmental and Nonprofit Entities, McGraw – Hill, Irwin, 2001, стр. 7

податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи, доставувањето и финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството на Буџетот на Република Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, буџетите и фондовите, корисниците и единките корисници на средства од буџетите, како и на другите правни лица за кои средствата за вршење на основната дејност претежно се обезбедуваат од буџетите или накратко кажано буџети и буџетски корисници е регулаирано со Законот за Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.[4] Определено со законска регулатива, буџетски корисници се субјекти на кои им е доверено вршењето јавни овластувања и претставуваат корисници од прва линија од обласа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон. Единки корисници се корисници од втора линија, кои се финансираат преку соодветниот буџетски корисник.[5]

## 2. Организација на сметководството кај Буџети и буџетски корисници во Р.С.Македонија

Буџетските форми на организација односно Буџетите и буџетските корисници во Р.С.Македонија, извршувањето на сметководството и изготвувањето на финансиските извештаи го организираат самостојно.

Исто така овие форми на организација самостојно одлучуваат за начинот на обезбедување на податоците во сметководството кои се потребни за законско користење на средствата и за утврдување на резултатите од работата на одделни свои организациони делови.

Во зависност од потребите, за одредени организациски делови кои се составен дел од Буџетите и буџетските корисници може да се води и посебно сметководство, при што за секој организациски дел може да се пропишат единствени аналитички сметки во согласност со потребите на тие организациони делови. Ако буџетот или буџетскиот корисник водат сметководство по организациони делови, се должни да овозможат сметководствената евиденција од тие организациони делови да обезбеди податоци утврдени со овој правилник и за буџетите и буџетските корисници како целина.

Во зависност од тоа за каква форма на буџетска организација станува збор, се одредува овластено лице за извршување на сметководството. Овластеното лице на Буџетот на Република С. Македонија, одредува одговорен сметководител. Исто така овластените лица на буџетите на фондовите, корисниците и единките корисници на буџетите, одредуваат одговорен сметководител. За секој корисник на средства на буџетот се одредува одговорен сметководител. За извршување на сметководството и за водење на деловни книги, сметководствени документи, обработка на податоците и изработка на годишните извештаи за буџетот на единиците на локална самоуправа односно општините градоначалникот на општината одредува еден одговорен сметководител.

Како резултат на потребата од усогласување на правните и договорните барања честопати кај буџетските форми на организација се воведуваат построги регулативни и административни контроли, споредбено со другите деловни субјекти. Буџетите и буџетските корисници обезбедуваат систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

---

[4] Закон за сметководство на буџети и буџетски корисници-(пречистен текст,Службен весник на РМ број 61/02,98/02 и 81/05)

[5] Закон за сметководство на буџети и буџетски кроисници-(пречистен текст,Службен весник на РМ број 61/02,98/02 и 81/05, член1-а)

Операциите на државните и непрофитните организации, што можат да бидат регулирани и контролирани, вклучуваат: организациска структура (формата на владините министерства, бројот и вработените, авторитетот и одговорноста, политиките според коишто службениците или вработените се избрани или назначени), политики и постапки за назначување или ангажирање на вработените, нивоата и згоелмувањето на платите, политиките за промоција на вработените, извори на финансиски средства (видови и  дозволени износи на даноци, дозволи, парични казни или наплати што владата и државните институции може да ги наплатат, ограничување на задолжувањата, целите за коишто долговите (обврските) се направени, користење финансиски средства (целите за коишто ресурсите можат да бидат користени, вклучувајќи ги законските ограничувања за користење на средствата за специфични цели, буџетските методи, формите или процедурите),сметководство: основи на сметководството, форми и процедури), финансиско известување (видови, форми и содржини на финансиски извештаи, корисници на финансиските извештаи и слично) и  ревизија (кој ја врши ревизијата, подрачјето и видот на ревизијата, времето и местото на изготвување на ревизорскиот извештај, односно  корисници на  ревизорскиот извештај и слично)[6]

Со внатрешната сметководствена контрола се проверува дали финансиските промени, односно трансакции се извршени во согласност со законските прописи, дали постои соодветна сметководствена документација и дали финансиските извештаи обезбедуваат целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите на финансиските промени и за финансиските трансакции. Воспоставување на организациски контроли и политики кај основните деловни процеси како што се: нарачки, набавки, испорака, фактурирање, плаќање, наплата и слично се од исклучително значење за успешно извршување на тие деловни процеси и остварување добри финансиски резултати.[7]

## 3. Финансиски извештаи кај буџетски организации

Буџетското сметководство претставува значаен дел од информативниот систем на државата кое има значајна улога во финансиското известување. Според Американската асоцијација на сметководители, сметководството претставува процес на идентификување, мерење (вреднување) и размена (комуницирање) на економски информации, кој ќе овозможи донесување одлуки од страна на корисниците на информации.[8] Финален производ од обработка на податоците во сметководствениот информативен систем претставува сметководствената информација. Сметководствената информација претставува основна менаџмент алатка во процесот на одлучување.

Сметководствените информации најчесто се презентираат преку соодветни извешти-прегледи наречени финансиски извештаи. Корисниците на информациите се базираат врз финансиските извештаи при донесувањето на нивните одлуки.[9] Потенцијалните групи на корисници на сметководствени информации се поделени во следните две основни групи на корисници : интерни корисници на сметководствени информации и екстерни корисници на сметководствени информации.[10]

---

[6] R.J.Freemen, C.D.Shoulders: Govermental and Nonprofit Acoounting , Teory and Practice Hall, New Jersey, 2000, стр.5

[7] Димитрова Ј,(2019)  Организациски и контролни сметководствени системи, Универзитет Гоце Делчев-Штип, стр.16

[8]American Accounting Association(1966) A Statement of Basic Accounting Theory, Evanston III,p.1

[9]Чарлс Т. Хорнгрен, Гери Л. Сандем, Џон А. Елиот, Дона Р. Филбрик,(2010) *Вовед во финансиско сметководство.* превод на деветтото издание, Скопје,стр.5

[10] Elliott B., Elliott J.(2011) Financial Accounting and Reporting.Prentice Hall, p.20

Буџетските форми на организации односно буџетите и буџетските корисници имаат обврска да го водат сметководството по системот на двојно сметководство со примена на сметките предвидени со Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Буџетите и буџетските корисници податоците во своето сметководство ги обезбедуваат во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите.[11] Буџетските форми на организација имаат обврска да водат сметководствена евиденција од која ќе се обезбедат информации за состојбата и движењето на средствата, обврските и изворите на средствата.

Буџетските форми на организации во зависност од потребата за известување изготвуваат и презентираат соодветни финансиси извештаи. Финансиските извештаи за буџетските организации обезбедуваат информации за оценка на финансиската положба и состојба на државата, проценка на успешноста на државата и можноста во иднина за давање услуги со ист или подобар квалитет, предвидување на времето и големината на паричните текови и идните парични приливи и одливи, како и потребата за задолжување и оценка на состојбата на државата да ги задоволи своите краткорочни потреби и обврски.[12]

Буџетите и буџетските корисници имаат обврска да ги изготват и поднесат следните основни финансиски извештаи: биланс на состојбата, биланс на приходите и расходите и консолидиран биланс. Буџетските форми на организација имаат обврска овие финансиски извештаи да ги чуваат трајно во нивната изворна форма. Преку основните финансиски извештаи се добиваат точни, вистинити и целосни прегледи на приходите и другите видови приливи, расходите и другите видови одливи, како и состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата, за одреден пресметковен период односно фискална година.

Билансот на состојбата е финансиски извешатај кој ја прикажува состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата на одреден датум. Билансот на состојба вообичаено се изготвува на крајот од секој пресметковен период, со што се овозможува разграничување на периодите и согледување на ефикасноста од работењето во соодветниот период. [13] Овој извештај збирно ја покажува состојбата на средствата и изворите на средства кај организацијата. Билансот на приходите и расходите ги прикажува приходите и другите приливи, како и расходите и другите одливи.

Консолидиран биланс претставува целосен преглед на приходите и расходите на единките корисници кои што се во состав на буџетскиот корисник. Консолидираниот биланс не се изготвува како збир на одделните буџетски сметки на ист корисник. Консолидираниот биланс како финансиски извештај не се изготвува во сметководството на државата и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Сетот основни финансиски извештаи и дадените образложенија ја сочинуваат завршната сметка на соодветната буџетска институција. Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија, во која се искажуваат планираните и извршените приходи и расходи се изготвува во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите донесени од министерот за финансии.[14]

---

[11] Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници. (Службен весник на Република Македонија″ број 61/2002 и 98/2002,член 2)

**[12] Leon E.Hay,E. R.Wilson, (1992)Accounting for Governmental and Nonprofit Entities, Irving Ing,Illinois, p.5**

[13] Магдинчева-Шопова М.(2020), Сметководство, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, стр.89

[14] Закон за сметководство на буџети и буџетски кроисници-(пречистен текст,Службен весник на РМ број 61/02,98/02 и 81/05, член 26)

Во завршната сметка на Буџетот, се искажуваат планираните и извршените приходи и расходи преку следните извештаи односно прегледи: преглед на наплатени приходи и извршени расходи на сите буџетски сметки на Буџетот на Републиката, преглед на споредување на процените на буџетските приходи и одобрените трошоци, со образложение за појавените отстапувања и детален преглед на трошењето резервите од Буџетот и гаранциите за земените заеми во фискалната година.

## 4. Цели и принципи на Буџет

Во законот за буџети од 2022 година е нагласено дека основната цел при подготвување и извршување на буџетот е макроекономска стабилност и одржлив и стабилен национален економски развој. Отука исклучително важни се принципите на кои се базира планирањето и извршувањето на Буџетот, како и можноста за јавна дебата и граѓанска иницијативност.

Согласно законот подготвувањето на буџетот се базира на неколку принципи и тоа:

1. Принцип на фискална одговорност кој подразбира дека Буџетот на државата и општините се планира и извршува согласно со среднорочни фискални цели, дека се базира на реална проекција на макроекономските индикатори, преземени обврски и постојните законски обврски и јавните средства со кои се управува на начин со кој се обезбедува среднорочна и долгорочна фискална одржливост;
2. Принцип на економичност, ефикасност и ефективност кој подразбира дека Буџетот на државата и општините да се планира и извршува на начин што ќе обезбеди ефективно и ефикасно користење на јавните средства за постигнување на поставените цели;
3. Принцип на сеопфатност на буџетот што подразбира дека сите приходи и други приливи и сите расходи и други одливи на сите буџетски корисници се внесуваат во Буџетот на државата и општините целосно без никакви приспособување меѓу себе, освен за пренос помеѓу нив;
4. Принцип на универзалност кој подразбира дека сите приходи и други приливи се користат за намирување на сите расходи и други одливи на Буџетот на државата или општините, освен ако со овој или со друг закон поинаку не е определено;
5. Принцип на специфичност кој подразбира дека буџетските корисници можат да преземаат обврски и да вршат плаќања само за целите и во износи утврдени со буџетот, согласно со буџетските класификации;
6. Принцип на готовинска основа кој подразбира дека буџетите или финансиските планови на буџетските корисници да се подготвуваат и извршуваат на готовинска основа;
7. Принцип на една година кој подразбира дека буџетот се носи за период од една година, која се совпаѓа со календарската година;
8. Принцип на избалансиран буџет (буџетска рамнотежа) кој подразбира дека приходите и расходите во Буџетот на државата и општините се избалансирани; 9. Принцип на транспарентност што подразбира дека Буџетот на државата и општините, како и неговите измени и дополнувања, извршувањето и буџетската документација ќе бидат објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“, односно во службено гласило или на веб- страницата на Министерството за финансии и на општините, а финансиските извештаи на другите јавни субјекти ќе бидат објавени на нивните веб-страници;
9. Принцип на сигурно финансиско управување под кој се подразбира извршување на буџетот во согласност со ефективна и ефикасна внатрешна контрола како процес што се применува на сите нивоа на управување со финансиските средства и

10. Принцип на родова еднаквост кој подразбира родово одговорно буџетирање, односно зачувување на родовата еднаквост во планирањето и извршувањето на буџетските приливи и одливи[15]

Фискалните правила треба да овозможат континуитет во управувањето со јавните финансии, независно од политичката состојба и волјата на раководните лица во државата. Оттука, Министерството треба да донесе и да ги прецизира фискалните принципи и да донесе фискални правила кои ќе бидат одржливи, приспособени и поврзани со среднорочното буџетско планирање и со системот на јавните финансии во Македонија, во насока на постигнување на фискалните правила на ЕУ.[16]

Европската комисија во извештајот за јавниот долг укажува на потребата од зајакнување на рамката за финансиско управување, особено преку воведување добро осмислени фискални правила и воспоставување независен фискален совет за да ја следи примената на новите правила (Извештај на Европската Комисија, 2022). Новиот закон за буџети од 2022 година предвидува формирање на Фискален совет. Фискалниот совет на независна, објективна и професионална основа, изработува анализи и мислења за: макроекономските и фискалните претпоставки користени за изработка на Буџетот на државата и фискалната стратегија фискалната стратегија, Буџетот на државата, Измената и дополнувањето на Буџетот на државата, Полугодишниот извештај за реализација на буџетот, Завршната сметка на Буџетот и друга документација поднесена пред Собранието на Република Северна Македонија или објавена согласно законските одредби.

## 5. Препораки за унапредување на процесите

Одредбите од законот за буџети кои укажуваат на транспарентност и отчетност при планирање на буџетот, извршување на буџетот и дополнителни аспекти значајни за целосно спроведување на Законот се важна декларирана заложба која треба доследно да се примени.

Имено, законот за буџети во член 17 предвидува обврска по донесувањето на Буџетот на државата од страна на Собранието на Република Северна Македонија, Министерството за финансии на својата веб-страница да го објавува со сите придружни документи. Советот на општината пак го донесува буџетот на конкретната општина за наредната година и исто така е предвидена обврска да се објавува на веб-страницата на општината.
"Транспарентноста и споделувањето информации се критични за учеството на различните социјални групи во донесувањето одлуки/буџетскиот процес. Доколку широката јавност има доверба во трошењето на јавните финансии, граѓаните ќе бидат и помотивирани да ги плаќаат даноците и таксите, што повторно позитивно ќе се одрази и на буџетот на локалната самоуправа. Дополнително, зголемената транспарентност води кон намалена корупција и подобра распределба на ресурси." [17]

---

[15] Закон за буџети, Службен весник на РСМ, бр. 203 од 19.9.2022 година,член 3

[16] Фондација Отворено општество Македонија, *Коментари и препораки за предлог законот за буџетите*, ЗМАИ (2020), достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/11/komentari-za-predlog-zakonot-za-budheti.pdf, последно пристапено 15 април 2023

[17] Прирачник за буџетирање во единиците на локалната самоуправа во 7 чекори,(2021), достапно на: https://sdc.com.mk/wp-content/uploads/2021/11/%D0%9F%D0%A0%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%A7%D0%9D%D0%98%D0%9A-%D0%91%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D0%95%D0%9B%D0%A1.pdf?fbclid=IwAR3vam9jSpB13d_dmkB1NZdPjlfu2RyyFsO-iZOEnSqo8JEyHH7w2ZVD2Pg, последно пристапено на 21.04.2023

Прирачникот за буџетирање на ЕЛС укажува на неколку принципи кои треба да се почитуваат за добро управување со финансиите меѓу кои: партиципација, ориентација кон изградба на консензус, транспарентност, владеење на правот, отчетност, ефективност и ефикасност, праведност и инклузивност. Доброто управување подразбира и учеството на ранливите и маргинализираните сегменти, овозможувајќи праведност и инклузивност во процесот на донесување одлуки.
Од аспект на отчетноста, како елемент родовиот принцип е запазен и во Годишниот извештај за извршување на буџетот, преку определување на родово одговорните индикатори. Сепак, во изданието “Коментари и препораки за предлог законот за буџетите“ се нагласува дека во законот треба да се допрецизираат одредбите со кои се уредуваат начините на спроведување на родовата еднаквост во процесот на планирање и извршување на буџетот.
Во поглед на транспарентноста и граѓанското учество, Законот за буџети во членот 21 предвидува и дека матичните буџетски корисници на државно ниво и општините на локално ниво треба да воспоставаат механизам за учество на граѓаните во процесот на предлагање нови иницијативи во подготовката на стратешките планови и фискалната стратегија. “Сепак недореченоста на овој член овозможува различно толкување и е зависен од волјата на политичарите.

Доколку се остави буџетските корисници сами да ги дефинираат механизмите, многу е веројатно дека на оваа одредба пред сè ќе се гледа како на можност за исполнување на сопствените цели и интереси, а не како на алатка за вклучување на граѓаните. Оттука, потребно е да се дефинира рамката во која можат да се движат буџетските корисници при дефинирањето на механизмите“ (Коментари и препораки за предлог законот за буџетите, 2020).

Од направената анализа на легислативната рамка и коментарите и препораките на засегнатите страни, може да се извлече заклучок и дека за да се подобри финансиското известување кај буџетските корисници може да се применат и следниве неколку методи:
1. 1.*Обука и едукација*, со цел да се подигнат финансиските способности кај буџетските корисници;
2. *Постојана комуникација*, со цел информирање на редовна основа помеѓу буџетските корисници и финансиските институции за новите законски и подзаконски измени
3. *Дигитализација*, со цел брз, едноставен и детален преглед на финансискиот статус, преглед на трансакциите, автоматско известување за промени на салдо и сл.

Дигиталните документи може да се организираат и да се пребаруваат многу полесно, побрзо и поефикасно за разлика од традиционалните документи. Дигиталните документи зафаќаат и помал простор споредено со традиционалните документи, па оргнизациииите можат на помал простор да зачуваат повеќе информации. Дигиталните трансакции се извршуваат во неколку секунди и заштедуваат време за организациииите да може да се посветат на други важни прашања. Сепак, дигитализацијата побарува и добра безбедносна заштита, бидејќи како недостаток може да се појават хакерски напади, компјутерски вируси, злоупотреба на информации и сл. Затоа се потребни одговорни и иновативни пристапи, со цел да се добијат максималните предности од дигитализацијата и да се минимизираат негативните ефекти.

## 6.Заклучок

Сметководството претставува систем од евидентирање на деловните промени, планирање, контрола и анализа на сметководствените податоци и презентирање на податоците кој се спроведува преку сметководствениот информационен систем. Сметководствениот информационен систем претставува потсистем во управувачкиот информативен систем.[18]

[18] Томовски С.(1996), Основи на сметководство. Сојуз на сметководители, финансиери, ревизори, Скопје, стр.20

Сметководствениот информационен систем претставува потсистем во управувачкиот информативен систем. Финален производ од обработка на податоците во сметководствениот информативен систем претставува сметководствената информација. Сметководствените информации кои претставуваат финален резултат од процесот на обработка на податоците преку сметководствено информативниот систем се креираат со одредена намена, за да одговорат на потребите и барањата на корисниците на наведените инфомации. Сметководствените информации најчесто се презентираат преку соодветни извешти-прегледи наречени финансиски извештаи.

Буџетските форми на организации однсоно буџетите и буџетските корисници имаат обврска да го водат сметководството по системот на двојно сметководство со примена на сметките предвидени со Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Буџетите и буџетските корисници имаат обврска да ги изготват и поднесат следните основни финансиски извештаи: биланс на состојбата, биланс на приходите и расходите и консолидиран биланс. Сетот основни финансиски извештаи и дадените образложенија ја сочинуваат завршната сметка на соодветната буџетска институција. Во поглед на отворената дебата за унапредување на процесите и процедурите се препорачува доследна примена на принципите на транспарентност и отчетност, а во согласност и со препораките на Европската комисија, исто така и примена на одредбите поврзани со родово одговорното буџетирање. Значајно место завзема и можноста за граѓанска иницијативност како основа за градење доверба помеѓу граѓаните и институциите. Анализите укажуваат дека со цел да се подобри финансиското известување кај буџетските корисници во иднина треба да се вложува во обука и едукација, дигитализација и редовна комуникација помеѓу засегнатите страни.

**Користена литература**

[1]. American Accounting Association(1966) A Statement of Basic Accounting Theory, Evanston III,p.1
[2]. Димитрова Ј,(2019) Организациски и контролни сметководствени системи, Универзитет Гоце Делчев-Штип, стр.16
[3]. Leon E.Hay,E. R.Wilson, (1992)Accounting for Governmental and Nonprofit Entities, Irving Ing,Illinois, p.5
[4]. Freemen R.J., C.D.Shoulders: Governmental and Nonprofit Accounting, Theory and Practice Hall, New Jersey, 2000, стр.5
[5]. Earl R. Wilson, Susan C. Kattelus, Leon E. Hay: Accounting for Governmental and Nonprofit Entities, McGraw – Hill, Irwin, 2001, p. 7
[6]. Elliott B., Elliott J.(2011) Financial Accounting and Reporting. Prentice Hall, p.20
[7]. Магдинчева-Шопова М.(2020), Сметководство, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, стр.8
[8]. Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници. (Службен весник на Република Македонија" број 61/2002 и 98/2002,член 2)
[9]. Закон за сметководство на буџети и буџетски корисници-(пречистен текст,Службен весник на РМ број 61/02,98/02 и 81/05)
[10]. Томовски С.(1996), Основи на сметководство. Сојуз на сметководители, финансиери, ревизори, Скопје, стр.20
[11]. Извештај на Европската Комисија, достапно на: https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657#.ZEpnNehBzIU, последно пристапено на 20 април 2023
[12]. Фондација Отворено општество Македонија, *Коментари и препораки за предлог законот за буџетите*, ЗМАИ (2020), достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/11/komentari-za-predlog-zakonot-za-budheti.pdf, последно пристапено 15 април 2023
[13]. Закон за буџети, Службен весник на РСМ, бр. 203 од 19.9.2022 година
[1]. Прирачник за буџетирање во единиците на локалната самоуправа во 7 чекори, достапно на: https://sdc.com.mk/wp-content/uploads/2021/11/%D0%9F%D0%A0%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%A7%D0%9D%D0%98%D0%9A-%D0%91%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5-

%D0%B2%D0%BE-
%D0%95%D0%9B%D0%A1.pdf?fbclid=IwAR3vam9jSpB13d_dmkB1NZdPjlfu2RyyFsO-iZOEn
Фондација Отворено општество Македонија, *Коментари и препораки за предлог законот за буџетите*, ЗМАИ (2020), достапно на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/11/komentari-za-predlog-zakonot-za-budheti.pdf, последно пристапено 15 април 2023

[2]. Sqo8JEyHH7w2ZVD2Pg, последно пристапено на 21.04.2023